РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за земјотресно инженерство и
инженерска сеизмологија (ИЗИИС) - Скопје

ул. Тодор Александров бр. 165, П.Фах 101,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

www. iziis.ukim.edu.mk

09 -261/2
23.02.2022

Универзитет Св. “Кирил и Методиј” во Скопје
Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје
распишува

# К О Н К У Р С

## За стипендирање на студенти на трет циклус на студии на УКИМ-ИЗИИС во учебната 2021/2022 година

Конкурсот е наменет за студентите запишани на трет циклус на студии на студиската програма од областа на земјотресното инженерство на УКИМ-ИЗИИС во учебната 2021/2022 год.

Стипендијата која се доделува е во висина на трошоците за студирање на третиот циклус утврдени во Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии во учебната 2021/2022 година, објавен од страна на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Заинтересираните кандидати треба да се државјани на РСМ и да ги задоволат следните услови:

(1) среден просек од втор циклус на студирање поголем од 9,0

(2) публикувани трудови во меѓународни и домашни стручни часописи, учество во научноистражувачки и апликативни проекти од областа на земјотресното инженерство и учество на конференции, семинари , летни школи

Студентот корисник на оваа стипендија треба да ги заврши студиите и да го одбрани докторскиот труд во рок од 4,5 (четири и пол) години од запишувањето на студиите. Во спротивно студентот треба да ја врати стипендијата, односно да ги плати трошоците за студирање согласно објавениот конкурс за упис.

Конкурсот е отворен до 09-03-2022 година. Заинтересираните кандидати треба да ги достават наведените потребни документи :

- CV и референтна листа согласно точка (2) од условите
- среден просек од втор циклус на студирање
- мотивациско писмо
- државјанство на РСМ

Документите да се доставаат во електронска форма на емаил адреса student@iziis.ukim.edu.mk (со назнака “пријава за стипендирање за трет циклус “), најдоцна до 09-03-2022 до 15:00 часот

Проф. д-р Влатко Шешов
Директор